



# Центар за дневен престој на лица со попреченост

Тука можеш да добиеш информации за тоа што е центар за дневен престој на лица со попреченост

Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

ЕУ со ТЕБЕ

ПОДДРШКА НА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА И ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

Направено во рамките на проектот финансиран од ЕУ „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги“ - Europe Aid/139649/DH/SER/MK.

# Добре дојде!

**Тука можеш да добиеш информации за тоа што е Центар за дневен престој за лица со попреченост.**




**Постојат услуги за дневен престој за возрасни и деца.**

Правото на користење услуги во центар за дневен престој на лица со попреченост е уредено со Законот за социјална заштита.



Постои **правилник** за услугите во центарот за дневен престој. Во него се објаснува што е центар за дневен престој, кој може да дојде и што може да прави таму.

**Важно е да ги знаеш твоите права, а овој документ ќе ти помогне во тоа!**



## Што е центар за дневен престој?

Центар за дневен престој е место каде доаѓаат лица со попреченост. Тука тие учат различни работи и поминуваат време заедно.



- Може да биде во куќа или во стан во зграда.





Во центарот за дневен престој доаѓаат многу лица:



- машки и женски

- помлади и постари

Во центарот има различни услуги за деца и возрасни. Можеш да го правиш тоа што ти треба или тоа што те интересира.



Во центарот за дневен престој можеш да имаш другари.

## Зошто да одиш во центар за дневен престој на лица со попреченост?

Попреченост е состојба што прави да ни треба поддршка да разбереме и да направиме некои работи.



Заради тоа, некогаш може ни треба поддршка од некој друг за да ги подобриме вештините и знаењата.



## Што можеме да правиме во центарот за дневен престој?

Во центарот за дневен престој можеш да добиеш индивидуална поддршка или да се вклучиш во групни активности:



- можеш да читаш, ако треба и со помош

- да вежбаш движење наоколу



- да разговараш



- да учиш букви и зборови
- да учиш како да ги изговараш зборовите




- да бидеш дел од група



- да научиш и да разбереш нови работи



- можеш да играш игри



- да пееш и да слушаш музика




- да црташ



- да решаваш задачи




- во центарот за дневен престој ќе можеш да научиш како да работиш на компјутер



- можеш да добиеш помош како да користиш мобилен телефон

## Во центарот за дневен престој учиме како да се грижиме за нашето тело

Како правилно да ги измиеш забите.



Како да се избричиш сам.



Како да користиш тоалет.



Учиш зошто е важно да вежбаш и како правилно да вежбаш за да не се повредиш.



Во многу центри за дневен престој можеш да добиеш помош за подобро да ги користиш рацете и нозете.



## Учиме како да ги чуваме нашите работи

Во центарот за дневен престој учиш
како да ги чуваш твоите работи.
На пример:

- мобилен телефон, часовник




- лична карта



- карта за автобус
- велосипед, очила




## Учиме за работите што ги правиме дома

Во центарот за дневен престој ќе
научиш како да правиш работи дома.



Ќе научиш:

Изработката на овој ЛЕСНО ЧИТЛИВ документ е поддржана од Европската Унија

- кои ти се пријатели и на кого можеш да му отвориш врата




- да се грижиш за цвеќињата



- да се грижиш за домашните миленичиња



- да си го наместиш креветот и својата соба



- да ги здиплиш алиштата и да ги чуваш чевлите



- да си направиш нешто за јадење



## Учиме како да се грижиме за нашите пари и како да заработиме пари

Ќе научиш за вредноста на парите и што можеш да купиш со нив.



Ќе научиш како да ги трошиш своите пари.



Ќе научиш и како да не ги изгубиш своите пари.

Ќе разговараш за тоа што сакаш да работиш.



Ќе учиш за разни професии, на пример:




- пекар, возач

- готвач



## Учиме како да се шетаме надвор од дома

Со другарите од центарот за дневен престој некогаш ќе одите и на прошетки.



Некогаш со вас ќе дојде и некој од центарот.
Некогаш со вас ќе дојдат и родителите, браќа, сестри, баби, дедовци.



Ќе учите:

- како самите да преминете улица



- како да користите автобус



Можеби ќе ги посетите овие места:

- парк, зоолошка градина






- трговски центар



- театар или кино



- ќе пиете кафе во кафуле



## Учиме како да спортуваме

Во центарот за дневен престој ќе пробате и различни спортови:



- фудбал
- кошарка
- пинг понг



Можеби ќе гледате и некој натпревар на телевизија.



Можеби ќе одите да гледате натпревар во живо.



Ќе учите да не се лутите ако изгубите кога играте или кога гледате натпревар.



И да не им се смеете на другарите ако изгубат.



Можеби дури ќе учествувате на спортски настани со другари од други центри за дневен престој.

Можеби ќе учествувате и на Специјална Олимпијада.



## Кој ќе ти помогне во центарот за дневен престој?

Во центарот за дневен престој има вработени лица што се тука да ти помогнат:



- да те научат нови нешта
- да ти помогнат ако нешто ти е тешко да направиш или да разбереш
- да зборуваат со тебе ако си исплашен или збунет




## Сите мора добро да се однесуваме во центарот за дневен престој

Во центарот за дневен престој мора да внимаваш на твоето однесување!



Не смееш да се караш со другите.

Не смееш да се тепаш.



Мораш да внимаваш да не се повредиш или да не повредиш некој друг.



Не смееш да кажуваш или да пишуваш лоши зборови.



Не смееш да земаш работи од некој друг без прашање.

Не смееш да изедеш јадење што не е твое без прашање.



Во центарот за дневен престој сите сме пријатели.

Ако направиш нешто погрешно, ќе ти се објасни како да го направиш подобро.



## А што ако не ми се допадне во центарот за дневен престој?

Ако не ти се допаѓа во центарот за дневен престој или ако имаш некаков проблем, можеш да добиеш поддршка да го решиш тоа.



На пример:

- ако не ти се допаѓаат работите што ги правите во центарот

- ако вработените или други лица во центарот не се однесуваат добро кон тебе



- ако не ти се допаѓа со кои другари седиш или играш игри

Можеш да зборуваш за твојата потешкотија дома или со вработените во центарот и тие ќе ти помогнат.



## Сакаш да одиш во центар за дневен престој? Лесно е!

Можеш да одиш во Центарот за социјална работа во твојот град и таму ќе те информираат за оваа услуга.



Или можеш да одиш директно во центарот за дневен престој што си го избрал/избрала и таму ќе ти кажат како да поднесеш барање за услугата.

Документи кои ти се потребни:

- лична карта



- твоја медицинска документација



- наод и мислење



Важно: Наод и мислење е лист на кој пишува што најдобро можеш да правиш и каква поддршка ти е потребна.

## Како да одберам каде да одам?

Има различни центари за дневен престој и во нив се прават различни работи:

- во многу центри за дневен престој можеш да добиеш помош, како на пример физиотерапија




- во некои центри за дневен престој можеш да научиш нови работни вештини

Можеш да појдеш во Центарот за социјална работа во твојот град и да се информираш.

Што е најдобро за тебе кажувате ти, твоите родители и социјалниот работник.



**Социјален работник** е лице што те знае и може да ти помогне да избереш што е најдобро за тебе.



- Тебе ти треба центар за дневен престој што ти е блиску.



- Или центар за дневен престој до кој можеш да дојдеш со автобус.



Можеш да се јавиш или да го посетиш нашиот центар за дневен престој.



Ќе ни биде драго да те запознаеме тебе и твоето семејство и да ви дадеме информации за нашиот центар за дневен престој.

Ако сакаш да прашаш уште нешто, контактирај нè:

| ЛОГО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА | ИМЕ И КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА |
|---|---|
| | |

**Надлежен центар за социјална работа:**

| |
|---|
| Додајте име и контакт информации за центрите за социјална работа |

Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е имплементиран од:

eptisa Southeast Europe d.o.o. care eptisa

Автори: Маја Атанасова и Мариа Маринакоу

© European Easy-to-Read Logo: Inclusion Europe. More information at www.inclusion-europe.eu/easy-to-read

***Напомена:*** Содржината на овој документ е во целосна одговорност на ЕПТИСА и партнерите на конзорциум и никако не ги отсликува мислењата на Европската Унија.